Култура

# „Света геометрија“ изложба на Ана Ивановска

„Света геометрија“ е именувана изложбата на Ана Ивановска што од 10 до 26 ноември се одржува во Чифте амам, во Националната галерија на Македонија.

Печати | Оставете коментар | Размена:




Љупчо Јолевски
14.11.2011

Tweet 1
Ми се допаѓа | Сподели 1
g+1 0
Pin it

Ана Ивановска за своето дело вели дека го насловила „Света геометрија“ бидејќи поимот всушност ги претставува сите геометриски основи, геометриски архетипи што ги користи природата во создавањето на сите животни форми – од најситни честички преку изрази забележливи со човечко око до вселената.

„Го покажува оној принцип на поврзаност, неразделивоста, единството на сите нешта што е и главната идеја на самото дело, за едното што ги создава различните појавни манифестации, енергијата преку геометријата за принципот на божественото, космичкото, духовното...“

> Го покажува оној принцип на поврзаност, неразделивоста, единството на сите нешта што е и главната идеа на самото дело.
>
> *Ана Ивановска, сликарка.*

Ивановска е родена 1982 година во Скопје. На Факултетот за ликовни уметности во класата на професор Благоја Маневски, отсек сликарство со насока конзервација и реставрација, дипломира во 2006, а една година подоцна го заврши и Педагошкиот оддел. Зад себе има повеќе групни претставувања и перформанси во Австрија, Русија, Монголија, Кина, Италија и други земји во светот, неколку резиденс програми во САД, а во 2008 година стана добитничка на наградата Денес за млад ликовен уметник. Таа е член на ДЛУМ и со својата шеста самостојна поставка - инсталацијата „Света геометрија“ всушност го одбрани и магистерскиот труд.

## Текстови на слична тема

- „Голи“ изложба на Гоце Илиевски
- Изложба на вајарката Нина Нинеска
- Филиграски перформанс зготвен во ритам
- Изложба на Петра Јовановска
- Топол културен бран

## Хајд Парк



Колку граѓаните се запознаени со содржините од прислушуваните разговори, веруваат ли дека се автентични и дали се смени нивното мислење за начинот на практикување на власта?

Погледни го видеото

## Анкета

**На кого му верувате во аферата прислушување?**

- На Никола Груевски
- На Зоран Заев
- Никому
- Не знам

Гласај

Види ги резултатите

Анкети архива

Говорејќи за своето досегашно творештво уметницата истакнува дека како и мнозина други автори и самата за целото време всушност ја обработува истата тема.

> Најчесто работам со симболите, тоа ми е предизвик, мислам дека се е симболичен израз на она што го мислам, чувствувам.
>
> *Ана Ивановска, сликарка.*

„Постојано е со поврзаноста на сите нешта и најверојатно би продолжила во истиот правец, самонадоврзување едно со друго. Најчесто работам со симболите, тоа ми е предизвик, мислам дека се е симболичен израз на она што го мислам, чувствувам.“

Од друга страна, Ивановска на прашањето за ново нејзино претставување пред интернационалната ликовна публика забележува дека, за жал, заради големината и користениот материјал, песок и многу кршено стакло, не е возможно „Света гометрија“ да се изнесе надвор од земјава, но дополнува дека нејзиното дело Вселени во вселената наскоро ќе го видат љубителите на уметноста во Холандија, Франција и во Данска.

Сепак, сликарката е многу реална во однос на сопствениот пробив во глобални рамки бидејќи, како што вели, има огромна конкуренција, но таа е убедена дека треба упорно да се следат и да се учествува на конкурсите на интерент, а не ги исклучува и времениот престој во странство и директната комуникација со останатите творци и особено галеристи.



Љупчо Јолевски

Печати Оставете коментар Размена:

Tweet 1 Ми се допаѓа Сподели 1 g+1 0 Pin it

Овој форум е затворен

## Коментирајте

Нема коментари во овој форум. Бидете први и дадете коментар.

ПРОДУКТИ: Подкаст RSS Вести на e-mail Мобил

**Секции**
Вести
Македонија
Регион
Политика
Економија
Култура
Спорт

**Радио**
Распоред на емисии
Радио Програма
Радио
Подкаст

**Мултимедиа**
Мултимедиа
Видео
Фотогалерии

**За Слободна Европа**
Контакт
За нас
Правила
Помош
Мапа на сајтот

**Следете не**
Facebook
Twitter
Youtube
Регистрација
RSS
Подкаст

**Социјална мрежа**
Del.icio.us
Digg
Facebook
Google Bookmarks
Newsvine
Reddit
StumbleUpon
Twitter

**Партнери**
ALSAT-M МИМ Македонски институт за медиуми Радио Мрежа КАНАЛ 77

Сите права задржани. Radio Free Europe / Radio Liberty © 2011 RFE/RL, Inc. Контакти: makdenes@rferl.org

Advertisement

Create a FaceBook Store

Quick & Easy Set UP with Free Support. Start your Free Trial Now!



Create Event (http://allevents.in/manage/create.php)

# Изложба - Ана Ивановска / Exhibition - Ana Ivanovska

**TIME** Thu Nov 10 2011 at 08:30 pm to Sat Nov 26 2011 at 08:30 pm + Add to calendar

**VENUE** Национална галерија на Македонија, објект Чифте Амам / National gallery of Macedonia, object …

**CREATED BY** Ana Ivanovska (http://allevents.in/org/ana-ivanovs… + Follow

Promote this event (http://allevents.in/manage/promote.php?event_id=251430314906871)

Advertisement

Criminal & Arrest Records

1) Enter a Name & State. 2) See Criminal & Arrest Records Fast.

,,Света геометрија"

Природата со својата совршена организираност во неизбежно следи геометриски архетипи од најситните честички, до изрази на животот забележливи со човечки очи, па сè до огромното пространство, космосот. Хеличните спирали на ДНК, снегулките, кристалите, човековото тело, ѕвездата околу која се вртиме, галаксијата во која спирално се движиме, воздухот што го дишеме и сите форми на животот што ги познаваме потекнуваат од безвремените геометриски кодови. Светата геометрија е принципот на внатрешната поврзаност, неразделивоста и единството на сите нешта. Основата на секоја геометрија што ја овозможува градбата на секоја форма во мноштвото разновидност. Таа се изразува преку математичките односи, хармонијата, божествените пропорции, златниот пресек кои се пренесуваат од природата во уметноста, музиката и космологијата. На секој план, секоја природна форма, модел на растење и движење е неизбежно во согласност со една или повеќе геометриски облици. Скриена геометрија која не е очигледна и воочителна на прв поглед.Според ова верување, основните модели на егзистенција се воспримаат како свети.
Реализирањето на ова дело врз принципите на светата геометрија говори за идејата за ,,едното што го создава различните појавни манифестации". За магичниот танц на енергијата во кој сме вклучени на нејасен за нас, мистериозен начин. Во овој свет кој е море на енергија, на веројатности и потенцијали кои истовремено егзистираат околу нас за кои и не сме свесни. Преку јазикот на симболите до својствен ликовен израз сплотувајќи ги сопствените, лични симболи со космичките. Преку геометријата до идејата за космичкото, духовното, божественото. Идејата за внатрешната света врска на човекот и Светот создадена преку мистичните закони на ,,Светата геометрија".

Авторска музика на Филип Петровски

"Sacred geometry"

Nature, perfectly organized within it's structures and appearance, inevitably follows geometrical archetypes from the smallest particles, to expressions of life noticeable with human eyes, up to the vast open space, the great cosmos. The helix spirals of DNA, snowflakes, crystals, the human body, the star around which we revolve, the galaxy we spiral within, the air we breathe and all forms of life that we know, derive from timeless geometric codes. The sacred geometry is the principal of interconnectedness, the inseparability and unity of all things. The basics of all geometry that allows the structure of every form in the vast diversity. Expressed throughout mathematical relations, harmony, divine proportions, golden ratio, it is transferred from nature into art, music and cosmology. In every field, in all natural forms, the module of growth and motion is inevitable in accordance with one or more geometrical shapes. A hidden geometry which is not obvious or recognized at first appearance.
In accordance to this belief, the basic modules of existence are perceived as sacred.
The realization of this piece upon the principals of the sacred geometry, speaks of the idea of "the one that creates the different emergent events". The magical dance of energy in which we too are involved in, a way which reveals to us as unknown and mysterious. In this world containing a sea of energy, of possibilities and potentials that exist simultaneously around us and for which we are not aware of.

Are you going to this event?

Yes No

## Organizer



Ana Ivanovska

2 Followers 0 Events + Follow

View Organizer Profile (http://allevents.in/org/ana-ivanovska/2185403)

## Spread the word

f | Invite your friends to this event

(http://www.facebook.com/share.php?u=http://allevents.in/events/Изложба-Ана-Ивановска-exhibition-ana-ivanovska/251430314906871) (http://twitter.com/share) (https://plus.google.com/share?url=http://allevents.in/events/251

## Who's going?

Please login/register to see the attendees.

Advertisement



Through the language of symbols to the artistic expression embracing the personal symbols with the cosmic ones. Through the geometry to the idea of the cosmic, spiritual and divine. The idea of the internal sacred connection between man and the world, created through the mystical laws of the sacred geometry.

**EVENT PHOTOS**

You need to be logged in to see event photos. Click here to login. ()

**MAP** Национална галерија на Македонија, објект Чифте Амам / National gallery of Macedonia, object Chifte Hamam

Loading venue map..

**DISCUSSION**



Add a comment...

Also post on Facebook

Posting as **Ana Ivanovska** ▾ **Comment**

Facebook social plugin

Report a problem ! (http://allevents.in/pages/report?event=http%3A%2F%2Fallevents.in%2Fevents%2F251430314906871)

## ABOUT US

- About Us (http://allevents.in/about)
- Blog (http://allevents.in/blog)
- Careers (http://allevents.in/careers)
- Student Ambassador Program (http://allevents.in/blog/sap/)

## HELP

- Create Event (http://allevents.in/manage/create.php)
- FAQs (http://allevents.in/faq)
- Plugins (http://allevents.in/pages/add-custom-plugin)
- Allevents.in API (http://allevents.in/pages/api)
- Terms of Service (http://allevents.in/conditions)
- Feedback
- Contact Us (http://allevents.in/contact)

## 19 MILLION EVENTS

## 23K CITIES

## 2 MILLION PEOPLE

exploring events every month

## NEVER MISS AN EVENT

Get our mobile App, Download Now!

ANDROID APP ON Google play

(https://play.google.com/store/apps/details?id=com.amitech.allevents)

Download on the App Store

(https://itunes.apple.com/us/app/all-events-in-city/id488116646?mt=8)

© Copyright 2015. All Rights Reserved. Powered by Amitech Business Solutions. Privacy (http://allevents.in/privacy)

(http://[illegible]